**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ**

ISSN-1857-9779

# БИЛТЕН

НА
УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КИРИЛ И МЕТОДИЈ“ ВО СКОПЈЕ

## Број 1236

Скопје, 15 април 2021 година

# Р Е Ф Е Р А Т
## ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ВО НАСТАВНО-НАУЧНИТЕ ОБЛАСТИ ФАРМАЦЕВТСКА БОТАНИКА И ФАРМАКОГНОЗИЈА НА ФАРМАЦЕВТСКИОТ ФАКУЛТЕТ ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Фармацевтски факултет, Институт за фармакогнозија, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 3.2.2021 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања во наставно-научните области фармакогнозија и фармацевтска ботаника, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 02-221/8, донесена на XXVIII редовна седница одржана на 15.2.2021 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Светлана Кулеванова, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје, д-р Билјана Бауер, редовен професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје и д-р Анета Димитровска, редовен професор на Фармацевскиот факултет во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс за избор на наставник-редовен професор во сите наставно-научни звања во научните области фармацевтска ботаника и фармакогнозија, во предвидениот рок се пријави д-р Ѓоше Стефков, вонреден професор на Фармацевтскиот факултет во Скопје.

## 1. БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Д-р Ѓоше Стефков е роден на 11.12.1973 година во Струмица. Основното и средното образование ги завршил во Скопје со континуиран одличен успех. Во учебната 1992/1993 година се запишал на студии на Фармацевтскиот факултет во Скопје и ги завршил во 1998 година со среден успех 9,47, со одбрана на дипломска тема на Институтот за фармакогнозија. Во 1999 година го положил стручниот испит.

За време на студиите бил претседател на студентската асоцијација и е еден од основачите на Научноистражувачкото студентско здружение. Учествувал на голем број студентски научни конгреси и проекти. Прогласен е за најдобар студент во 1996 година.

Во учебната 1999/2000 година се запишал на постдипломски студии по фармакогнозија на Фармацевтскиот факултет во Скопје, и со успех 10,00 ги положил предвидените испити и го подбранил магистерскиот труд.

Во 2000/2001 год. бил на отслужување на воен рок во Армијата на Р Македонија.

На 15.4.2005 година, со одбрана на магистерскиот труд под наслов „Фармакогностички испитувања на видот *Teucrium polium* и други претставници од родот *Teucrium* од флората на Р Македонија”, се стекнал со звањето магистер на фармацевтски науки. На 25.3.2011 година, со одбрана на докторската дисертација под наслов „Етнофармакологијата како појдовна основа за проучување на растителни суровини со антидијабетично дејство“, се стекнал со звањето доктор на фармацевтски науки.

Во 2004 година започнал со здраствена специјализација по специјалноста лековити растенија (фармакогнозија) и специјализирал во 2009 година со полагање на специјалистички испит и одбрана на специјалистички труд под наслов „Идентификација и содржина на флавоноиди во видовите *Teucrium chamaedrus, Teucruim montanum* и *Teucrum polim* со користење на техниката на LC-DAD-ESI-MS“.

Во 2008 година ја започнал специјализацијата по специјалноста испитување и контрола на лекови. Во 2014 година ја завршил здравствената специјализација за испитување и контрола на лекови со полагање на специјалистички испит и одбрана на специјалистички труд под наслов „Испитување на екстрактивни и мигрантни супстанции во готов фармацевтски производ капки за око нафазолин“.

Со Одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, од 17.8.2000 година, избран е за помлад асистент и е вработен на Фармацевтскиот факултет. Во 2005 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избран е во звањето асистент за групата предмети: Фармацевтска ботаника, Фармакогнозија и Фитохемија, на која позиција е реизбран во 2008 година.

Во 2011 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избран е во звањето доцент за групата предмети: Фармацевтска ботаника, Фармакогнозија и Фитохемија.

Во 2016 година, со Одлука на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, избран е во звањето вонреден професор за групата предмети: Фармацевтска ботаника, Фармакогнозија и Фитохемија, на која позиција се наоѓа и сега.

Од 2010 до 2014 година бил раководител на Ценатарот за природни производи при Фармацевтскиот факултет во Скопје. Во 2014 година е избран за раководител на еден од петте институти при Фармацевтскиот факултет во Скопје - Институтот за фармакогнозија, а реизбран е повторно во 2017 год., на која позиција се наоѓа и сега. Од 2015 до 2018 година задолжен бил за водење на активностите на Центарот за кариера. Како аналитичар и како стручен соработник, активно е вклучен во работата на Центарот за природни производи и во Центарот за испитување и контрола на лекови при Фармацевтскиот факултет во Скопје.

Бил на повеќе студиски престои во странство. Во 1999 година бил на краток студиски престој на Институтот за испитување на лековити растенија „Јосиф Панчиќ“ во Белград, Србија, во 2000 година на Фармацевтскиот факултет во Софија, Бугарија, во 2004 година во Бугарската академија на науки, Институт за органска хемија со центар за фитохемија и на Институтот за применета ботаника во Софија, Бугарија. Во 2007 година бил на краток престој на Факултетот за фармацевтски науки во Копенхаген, Данска и во 2008 година на Медитеранскиот агронамски институт во Ханија, Крит, Грција, во 2017 година на Фармацевтскиот факултет, Универзитет во Валенсија, Шпанија, а во 2019-2020 година во Кинеската академија на науките, Шангајски институт за материја медика.

Последниот реферат за избор е објавен во Билтен бр. 1124 од 1.6.2016.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, истражувачки, академски, стручни, образовни, педагошки, општествени и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, објавени во Билтенот бр.

758 од 31.5.2000 година, бр. 853 од 15.6.2004 година, бр. 886 од 12.12.2005 година, бр. 953 од 1.12.2008 година, бр. 1009 од 1.6.2011 година и бр. 1124 од 1.6.2016 година, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2. НАУЧНИ, СТРУЧНИ, ПЕДАГОШКИ И ДРУГИ ОСТВАРУВАЊА НА КАНДИДАТОТ ОД ПОСЛЕДНИОТ ИЗБОР ДО ДЕНОТ НА ПРИЈАВАТА

### Наставно-образовна дејност

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, на Институтот за фармакогнозија при Фармацевтскиот факултет во Скопје, кандидатот д-р Ѓоше Стефков изведува настава и вежби на студиската програма Магистер по фармација од прв и втор циклус интегрирани студии, по предметите: Фитохемија, Фармакогнозија и Фармацевтска ботаника, на прв циклус студии на студиската програма Лабораториски биоинженер, по предметите: Испитување и анализа на природни производи, Екстракција и изолација на природни производи и Испитување и анализа на етерични масла и ароматични суровини. Од 2019 година, кандидатот изведува настава на прв циклус студии на студиската програма Диететика и диетотерапија, по предметите: Хемија на храна 2 и Основи на фитотерапија.

Покрај наведените задолжителни програми, кандидатот учествува и во реализирање на наставата на изборните предмети предвидени со трите студиски програми.

Во рамките на вториот циклус студии, на студиската програма Лабораториска анализа и инженерство во фармација, кандидатот изведува настава по предметите: Анализа на хербални суровини, Гасна хроматографија, Анализа на микотоксини во хербални суровини, хербални преботки и додатоци на храна, Анализа на резидуи од пестициди во хербални суровини, хербални преботки и додатоци на храна, а на студиската програма Магистерски студии по диететика и диетотерапија, изведува настава по предметот Здравствени придобивки од биоактивни компоненти од различни видови на храна, Функционална, органска и нова храна, Габи во исхраната и во диетотерапијата, Исхрана на луѓе со посебни нутритивни потреби и Сензорска анализа на храна.

Кандидатот учествува и во реализација на програмата од трет циклус - докторски студии во следните предмети: Природни лековити и ароматични суровини, Фитотерапија и методи за проценка на биоактивноста, Етнофармакологија.

Кандидатот бил ментор на 40 дипломски трудови во периодот 2016 – 2021 година.

Кандидатот учествувал како член во комисија за одбрана на 55 дипломски и 2 специјалистички труда и на 2 докторска дисертации во периодот 2016 – 2021 година.

### Научноистражувачка дејност

Во периодот 2016 – 2021 година, д-р Ѓоше Стефков има објавено вкупно 37 научни трудови, од кои 5 научни статии во научни списанија со импакт-фактор (фактор на влијание), 3 статии во меѓународни списанија и 29 статии во

зборници од научни собири. Бил пленарен предавач на 2 меѓународни научни собира и имал 5 секциски предавања на научно/стручни собири.

Д-р Ѓоше Стефков бил раководител на 11 национални и 2 меѓународни научни проекти, а учествувал како член во 5 национални и 1 меѓународен научен проект.

Д-р Ѓоше Стефков активно учествува на голем број работилници и семинари од интерес.

Рецензент е во повеќе научни списанија, од кои најзначајни се: Food Chemistry, Pharmaceutical Biology, Journal of Ethnopharmacology, Natural Product Communication, Journal of Pharmacognosy and Phytotherapy, Journal of Medicinal Plants Research, Evidence-Based Complementary and Alternative Medicine, Journal of Medicinal Plants Research, African Journal of Microbiology Research, Macedonian Journal of Medicinal sciences, Macedonian Pharmaceutical Bulletin, Industrial crops and products, Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engeneering, Food Control.

**<u>Стручно- апликативна дејност и дејност од поширок интерес</u>**

Д-р Ѓоше Стефков активно е вклучен во стручно-апликативната работа на Центарот за природни производи при Фармацевтскиот факултет во Скопје. Како одговорен за управување со квалитет и ризик при Центарот, кандидатот остварил бројни експертски активности и по воспоставување на системот за квалитет, Центарот за природни производи на 10.3.2021 станала акредитирана лабораторија за тестирање според ISO/IEC 17025 стандардот од 2019 година. Освен тоа, д-р Ѓоше Стефков е вклучен и во работата на Центарот за испитување и контрола на лекови, акредитиран според ISO/IEC 17025 стандардот при Фармацевтскиот факултет во Скопје. Во рамките на активностите на Центарот за континуирана едукација, кандидатот редовно ги посетува организираните семинари.

Д-р Ѓоше Стефков активно е вклучен и во работата на бројни комисии на Фармацевтскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј” во Скопје, како и во промотивните активности на Факултетот.

Во изборниот период, Ѓоше Стефков учествувал во изготвување и пријавување на 3 научни проекти на МОН и 5 развојни проекти.

Д-р Ѓоше Стефков е член на Македонското фармацевтско друштво и Македонското еколошко друштво и редовно ги посетува организираните собранија, конференции и советувања.

Д-р Ѓоше Стефков е член на експертската работна група 13Б при Европската фармакопеја. Ангажиран е како експерт од областа на медицински растенија и природните производи и е член на следниве комисии при Агенцијата за лекови и медицински средства на РСМ: Комисијата за класификација на медицински производи кои се издаваат без рецепт, Комисија за пуштање во промет на традиционални хербални лекови, Комисија за пуштање во промет на препарати базирани на канабис за медицинска употреба кај луѓе , Комисија за класификација на медицински производи пуштање во промет на гранични производи, Комисија за оценување на исполнетоста на условите во однос на простор, опрема и кадар за добивање на одобрение за производство на екстракти од коноп за медицински цели. Дополнително, д-р Ѓоше Стефков е член на Комисијата за додатоци во исхраната и специјални видови на храна при Агенцијата за храна и ветеринарство на РСМ, член на Комисија за оценување на исполнувањето на условите во однос на простор, опрема и кадар за добивање на одобрение за одгледување на коноп за медицински цели при Министерството за

здравство на РСМ и е член на експертската работна група за измени на Законот за контрола на опојни дроги и психотропни супстанции. Тој е национален координатор на Европската кооперативна програма за заштита на растителните генетски ресурси за медицински и ароматични растенија.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот д-р Ѓоше Стефков, во извештајниот период, доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите од Фармацевтскиот факултет.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на проф. д-р Ѓоше Стефков.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека д-р Ѓоше Стефков поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето редовен професор во наставно-научните области фармацевтска ботаника и фармакогнозија.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Фармацевтскиот факултет во Скопје, вонр. проф. д-р Ѓоше Стефков да биде избран во звањето редовен професор во наставно-научните области фармацевтска ботаника и фармакогнозија.

**Рецензентска комисија**

**Проф. д-р Светлана Кулеванова, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Бауер, с.р.**
**Проф. д-р Анета Димитровска, с.р.**

# О Б Р А З Е Ц 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат: Ѓоше Димитар Стефков**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: фармацевтска ботаника (30606) и фармакогнозија (30607)**

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО ЗВАЊЕ – РЕДОВЕН ПРОФЕСОР/ НАУЧНО ЗВАЊЕ – НАУЧЕН СОВЕТНИК

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| 1 | Просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно има остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус * <br> Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,47 <br> Просечниот успех на втор циклус изнесува: 10,00 | да |
| 2 | Научен степен – доктор на науки од научната област за која се избира <br> Назив на научната област: **фармацевтска ботаника и фармакогнозија;** поле: **фармација**; подрачје: **медицински науки и здравство**. | да |
| 3 | Објавени најмалку шест рецензирани научни труда ** во референтна научна публикација согласно со ЗВО во последните пет години пред објавувањето на конкурсот за избор | да (образец 2) |
| 3.1 | 1.Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование <br> 1. Назив на научното списание: Records of Natural Products <br> 2. Назив на електронската база на списанија: Scopus <br> 3. Наслов на трудот: Chemical Characterization and Antioxidant Activity of Mountain Pine (*Pinus mugo* Turra, Pinaceae) from Republic of Macedonia. <br> 4. Година на објава: 2019 | |
| 3.1 | 2.Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br><br>1. Назив на научното списание: Food Chemistry<br>2. Назив на електронската база на списанија: Web of Science<br>3. Наслов на трудот: Headspace screening: A novel approach for fast quality assessment of the essential oil from culinary sage<br>4. Година на објава: 2016 | |
| 3.1 | 3.Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Spectrochimica Acta Part A: Molecular and Biomolecular<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Mid-infrared spectroscopy as process analytical technology tool for estimation of THC and CBD content in *Cannabis* flowers and extracts.<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.1 | 4.Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Variability of the arbutin content in wild growing populations of *Arctostaphylos uva-ursi* (L.) Spreng from Korab Mountain, Western Balkan<br>4. Година на објава: 2021 | |
| 3.1 | 5.Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со | |

| Ред. број | ОПШТИ УСЛОВИ | Исполнетост на општите услови да/не |
|---|---|---|
| | трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Macedonian Journal of Chemistry and Chemical Engineering<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus<br>3. Наслов на трудот: Essential Oils Chemical Variability of Seven Populations of *Salvia Officinalis* L. In North of Albania<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 3.1 | 6. Научно списание во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет, како што се: Ebsco, Emerald, Scopus, Web of Science, Journal Citation Report, SCImago Journal Rank или друга база на списанија која ќе ја утврди Националниот совет за високо образование<br>1. Назив на научното списание: Folia Medica<br>2. Назив на електронската база на списанија: Scopus, MEDLINE/PubMed, Mendeley, Semantic Scholar.<br>Наслов на трудот: Pharmacotherapeutic considerations for use of cannabinoids to relieve symptoms of nausea and vomiting induced by chemotherapy<br>4. Година на објава: 2020 | |
| 5 | Претходен избор во наставно-научно звање – вонреден професор, датум и број на Билтен: 1124 од 1.6.2016 | да |
| 6 | Има способност за изведување на високообразовна дејност | да |

* На лицата кои имаат заснован работен однос на Универзитетот или на некој од универзитетите во Република Македонија во моментот на стапување во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр.82/2018), нема да се применуваат одредбите од Законот кои се однесуваат на просекот, односно дека лицата треба да имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на студиите на прв и втор циклус за секој циклус посебно, односно имаат остварено просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на интегрираните студии од првиот и вториот циклус. Во овој случај, полето под реден број 1 не се пополнува.

** За кандидатот/ите кој има повеќе од 6 (шест) научни труда во референтна научна публикација, рецензентската комисија научните труда ќе ги наведе, ќе ги оцени и ќе ги вреднува во Образец 2.
***Наведениот услов ќе се применува по истекот на три години од денот на стапувањето во сила на Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018).

**Членови на Комисијата**

**Проф. д-р Светлана Кулеванова, с.р.**
**Проф. д-р Билјана Бауер, с.р.**
**Проф. д-р Анета Димитровска, с.р.**

## ОБРАЗЕЦ 2

**КОН ИЗВЕШТАЈОТ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО И НАСТАВНО-СТРУЧНО ЗВАЊЕ**

**Кандидат: Ѓоше Димитар Стефков**
(име, татково име и презиме)
**Институција: Фармацевтски факултет, УКИМ, Скопје**
(назив на факултетот/институтот)
**Научна област: фармацевтска ботаника (30606) и фармакогнозија (30607)**

**НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ**

| Ред. број | Назив на активноста: | Поени |
|---|---|---|
| **1.** | **Одржување на настава** | **225,9** |
| **1.1** | **Одржување на теоретска настава - предавања** | **83,4** |
| | **Магистер по фармација - прв и втор циклус интегрирани студии** | **54** |
| | 1.Фармакогнозија (9 ЕКТС)<br>150 часа годишно*0,04 (2016/17-2020/21) | 30 |
| | 2.Фитохемија (7 ЕКТС)<br>60 часа годишно*0,04 (2016/17-2020/21) | 12 |
| | 3.Фармацевтска ботаника (4 ЕКТС)<br>60 часа годишно*0,04 (2016/17-2020/21) | 12 |
| | **Дипломиран лабораториски биоинженер - прв циклус студии** | **15** |
| | 1. Испитување и анализа на природни производи (4 ЕКТС)<br>30 часа годишно*0,04 (2016/17-2020/21) | 6 |
| | 2. Екстракција на природни производи (5 ЕКТС)<br>45 часа годишно*0,04 (2016/17-2020/21) | 9 |
| | **Диететика и диетотерапија - прв циклус студии** | **14,4** |
| | 1. Хемија на храна 2 (6 ЕКТС)<br>75 часа годишно*0,04 (2018/19-2020/2021) | 9 |
| | 2. Основи на фитотерапија (5 ЕКТС)<br>45 часа годишно*0,04 (2018/19-2020/21) | 5,4 |
| **1.2** | **Одржување на теоретска настава - втор циклус студии** | **75** |
| | **Одржување на теоретска настава, студиска програма лабораториска анализа и инженерство во фармација** | **70** |
| | 1. Анализа на хербални суровини (5 ЕКТС)<br>60 часа годишно*0,05 (2016/17-2020/21) | 15 |
| | 2. Анализи на микотоксини во хербални суровини, преработки и додатоци на исхрана (5 ЕКТС)<br>50 часа годишно*0,05 (2016/17-2020/21) | 12,5 |
| | 3. Анализи на резидуи од пестициди во хербални суровини, хербални преработки и додатоци во исхрана (5 ЕКТС)<br>50 часа годишно*0,05 (2016/17-2020/21) | 12,5 |

| | | |
|---|---|---|
| | 4. Примена на современи техники за анализа: GC (5 ЕКТС)<br>75 часа годишно*0,05 (2016/17-2020/21) | 18,75 |
| | 5. Испитување на етерични масла и ароматични суровини (3 ЕКТС)<br>45 часа годишно*0,05 (2016/17-2020/21) | 11,25 |
| | **Одржување на теоретска настава, студиска програма диететика и диетотерапија** | **5** |
| | 1. Здравствени придобивки од биоактивни компоненти од различни видови на храна (5 ЕКТС)<br>50 часа годишно*0,05 (2019/20-2020/21) | 5 |
| **1.3** | **Одржување на теоретска настава, студиска програма на трет циклус – докторски студии од областа фармација** | **67,5** |
| | 1. Природни лековити и ароматични суровини (6 ЕКТС)<br>90 часа годишно*0,06 (2016/17-2020/21) | 27 |
| | 2. Фитотерапија и методи за проценка на биоактивноста (6 ЕКТС)<br>90 часа годишно*0,06 (2016/17-2020/21) | 27 |
| | 3. Етнофармакологија (3 ЕКТС)<br>45 часа годишно*0,06 (2016/17-2020/21) | 13,5 |
| **2.** | **Настава во школи и работилници** | **18** |
| **2.1** | **Учесник** | |
| | 1. Диететика и диетотерапија, Центар за континуирана едукација, Фармацевтски факултет, Скопје, Р Македонија, 2016. | 1 |
| | 2. Вакцини - предизвици и решенија, Центар за континуирана едукација, Фармацевтски факултет, Скопје, Р Македонија, 2016. | 1 |
| | 3. 1260 and 1290 Infinity II HPLC Series, Agilent Technologies Workshop, 6-ти Конгрес на фармацијата со меѓународно учество, Охрид, Р Македонија, 2016. | 1 |
| | 4. Latest development in LC/MS, Agilent Technologies Workshop, 6-ти Конгрес на фармацијата со меѓународно учество, Охрид, Р Македонија, 2016. | 1 |
| | 5. ICP-OES and ICP-MS Series, Agilent Technologies Workshop, 6-ти Конгрес на фармацијата со меѓународно учество, Охрид, Р Македонија, 2016. | 1 |
| | 6. Decades of Innovation in GC and GC/MS, Agilent Technologies Workshop, 6-ти Конгрес на фармацијата со меѓународно учество, Охрид, Р Македонија, 2016. | 1 |
| | 7. GC Concepts, Tips and Troubleshooting, Phenomenex and Cluster Training Course, Скопје, Р Македонија, 2017. | 1 |
| | 8. Transposition of EU Legislation on Medical Devices, TAIEX Workshop in co-operation with the Agency for medicines and medical devices and Faculty of Pharmacy, UKIM, Скопје, Р Македонија, 2017. | 1 |
| | 9. ERRARE EST HUMANUM - Стратегии за управување со фармацевтски грешки, Центар за континуирана | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| | едукација, Фармацевтски факултет, Скопје, Р Македонија, 2017. | |
| | 10. Додаток на исхрана, граничен производ, хербален (традиционален) лек PROS&CONS“, Центар за континуирана едукација, Фармацевтски факултет, Скопје, Р Македонија, 2017. | 1 |
| | 11. Практичен вовед во модерна течна хроматографија UHPLC и UPLC со користење на најновиот компактен масен спектрометар детектор за откривање и идентификација, Biotek and Waters workshop, Скопје, Р Македонија, 2017. | 1 |
| | 12. Фармацевтска грижа - современа филозофија на фармацевтската професија, Македонско фармацевтско друштво, Скопје, Р Македонија, 2017. | 1 |
| | 13. Правата на интелектуалната сопственост и конкуренцијата, Фармацевтски факултет, Скопје, Р Македонија, 2017. | 1 |
| | 14. Agilent technologies и Milestone новитети во Македонија, Фармахем, Скопје, Р Македонија. 2018. | 1 |
| | 15. Chromatography Seminar for Pharma, Merck, Скопје, Р Македонија, 2018. | 1 |
| | 16. TAIEX Expert Mission on Food for Special Consumer Groups, Агенција за храна и ветеринарство, Скопје, Р Македонија, 2018. | 1 |
| | 17. Имплементација на новите ЕУ регулативи за медицински средства - дали сме подготвени, Центар за континуирана едукација, Фармацевтски факултет, Скопје, Р Македонија, 2018. | 1 |
| | 18. Идентификување и пријавување на несакани реакции од употреба на фармацевтски производи, Центар за континуирана едукација, Фармацевтски факултет, Скопје, Р Македонија, 2018. | 1 |
| **3.** | **Одржување на теренска настава** | **6,4** |
| | 1. Фармацевтска ботаника (4 ЕКТС)<br>32 часа годишно*0,04 (2016/17-2020/21) | 6,4 |
| **4.** | **Одржување на вежби (лабораториски, клинички, аудиторски или изработка на семинар)** | **3** |
| **4.1** | **Магистер по фармација - прв и втор циклус интегрирани студии** | **3** |
| | 1. Фармацевтска ботаника (4 ЕКТС)<br>20 часа годишно*0,03 (2016/17-2020/21) | 3 |
| **5.** | **Подготовка на нов предмет** | **7** |
| **5.1** | **Подготвка на нов предмет - предавања** | **5** |
| | 1. Хемија на храна 2 - прв циклус студии | 1 |
| | 2. Основи на фитотерапија - прв циклус студии | 1 |
| | 3. Природни лековити и ароматични суровини - трет циклус студии | 1 |
| | 4. Фитотерапија и методи за проценка на биоактивноста - трет циклус студии | 1 |
| | 5. Етнофармакологија - трет циклус студии | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| **5.2** | **Подготовка на нов предмет - вежби** | **2** |
| | 1. Анализа на хербални суровини - втор циклус студии | 0,5 |
| | 2. Анализи на микотоксини во хербални суровини, преработки и додатоци на исхрана - втор циклус студии | 0,5 |
| | 3. Анализи на резидуи од пестициди во хербални суровини, хербални преработки и додатоци во исхрана - втор циклус студии | 0,5 |
| | 4. Примена на современи техники за анализа: GC - втор циклус студии | 0,5 |
| **6.** | **Консултации со студенти** | **2,5** |
| | 1. Студиска програма: Магистер по фармација, 2015 – 2020 (800 студенти *0,002) | 1,6 |
| | 2. Студиска програма: Лабораториски биоинженер, 2015 – 2020 (400 студенти *0,002) | 0,8 |
| | 3. Студиска програма: Диететика и диетотерапија, 2018 – 2020 (50 студенти *0,002) | 0,1 |
| **7.** | **Консултации со студенти во рамките на здравствена клиничка практика** (18 студенти *0,2) (2016/17-2020/21) | **18** |
| **8.** | **Ментор на дипломска работа** (40 студенти *0,2) (2016/17-2020/21) | **40** |
| **9.** | **Ментор на специјалистичка работа** (1 студент *1) (2016/17-2020/21) | **1** |
| **10.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на докторски труд** (2 кандидати * 0,7) (2016/17-2020/21) | **1.4** |
| **11.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на специјалистичка работа** (2 кандидати * 0,2) (2016/17-2020/21) | **0,4** |
| **12.** | **Член на комисија за оцена и одбрана на дипломска работа** 55 кандидати * 0,1 (2016/17-2020/21) | **27,5** |
| **13.** | **Интерни скрипти од предавања** | **12** |
| | 1. Светлана Кулеванова, **Ѓоше Стефков**, Марија Карапанцова. Интерна скрипта „Природни производи и нивна анализа“, за студиската програма Лабораториски биоинженер. | 4 |
| | 2. Светлана Кулеванова, **Ѓоше Стефков**, Марија Карапанцова. Интерна скрипта „Фармакогнозија“, за студиската програма Магистер по фармација. | 4 |
| | 3. Светлана Кулеванова, Ѓоше Стефков. Интерна скрипта „Хемија на храна 2“, за студиската програма Диететика и диетотерапија. | 4 |
| **14.** | **Интерна скрипта од вежби** | **12** |
| | 1. Светлана Кулеванова, **Ѓоше Стефков**, Марија Карапанцова. Интерна скрипта за вежби по предметот Фармакогнозија за студиската програма Магистер по фармација. | 3 |

| | | |
|---|---|---|
| | 2. Светлана Кулеванова, **Ѓоше Стефков**, Марија Карапанџова. Интерна скрипта за вежби по предметот Фитохемија за студиската програма Магистер по фармација. | 3 |
| | 3. Светлана Кулеванова, **Ѓоше Стефков**, Билјана Бауер, Марија Карапанџова. Интерна скрипта за вежби по предметот Основи на фармацевтска биологија за студиската програма Магистер по фармација. | 3 |
| | 4. Светлана Кулеванова, Ѓоше Стефков, Марија Карапанџова, Ивана Цветковиќ. Интерна скрипта за вежби по предметот Екстракција и изолација на природни производи студиската програма Лабораториски биоинженер. | 3 |
| **15.** | **Пакет материјали за одреден предмет** | **1** |
| | 1. Фармакогнозија - прв циклус студии - магистер по фармација | 1 |
| | **Вкупно** | **376,1** |

**НАУЧНОИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ**

| **Ред. број** | **Назив на активноста:** | **Поени** |
|---|---|---|
| **1.** | **Раководител на национални научни проекти** | **42** |
| | 1. Современи перспективи на одгледување и искористување на македонскиот афион (2014 – 2017) | 6 |
| | 2. Фармакогностички, фитохемиски и биолошко-фармаколошки испитувања на различни видови на коноп (*Cannabis spp.)* и соодветни преработки, прва фаза (2016 – 2019). | 6 |
| | 3. Примена на вибрациони спектроскопски техники и изградба на статистички модели за квантитативна анализа на фитоканабиноиди во коноп (*Cannabis spp.*) и соодветни преработки (2020 – 2022). | 6 |
| | 4. *In vivo* испитувања на потенцијална активност на наносистеми со екстракт од *Cannabis sativa* за ефикасен третман на болести на централниот нервен систем (2020 – 2021). | 6 |
| | 5. Фармакогностички, фитохемиски и биолошко-фармаколошки испитувања на различни видови на коноп (*Cannabis spp.)* и соодветни преработки, втора фаза (2020 – 2023). | 6 |
| | 6. Влијание на условите и стандардите на производство на хербална суровина канабис врз квалитетот на добиениот екстракт (2020 – 2022 ) | 6 |
| | 7. Постмаркетиншко следење на препарати на база на канабис (2020 – 2022 ) | 6 |
| **2.** | **Раководител на меѓународни научни проекти** | **18** |
| | 1. MON/ADSI Project: High Content Screening of plant extracts used as traditional herbal medicines (2016 – 2018). | 9 |
| | 2. MON/CAS Project: Phytochemical screening of Macedonian and Chinese herbs with medicinal relationship (2020 – 2021). | 9 |

| | | |
|---|---|---|
| **3.** | **Учесник во национални научни проекти** | **15** |
| | 1. Хемиска карактеризација и биолошка активност на етерично масло од жолт смил (*Helichrysum italicum* (Roth) G. Don) (2016 – 2018) | 3 |
| | 2. Испитување на хербални препарати и на додатоци на исхраната за слабеење во однос на можно присуство на недекларирани компоненти во нивниот состав (2018 – 2019) | 3 |
| | 3. Градење на национална стратегија за борба против фалсификувањето на лекови (2018 – 2020). | 3 |
| | 4. Определување на остатоци од пестициди во производи од житарици (2020 – 2022) | 3 |
| | 5. Анализа на присуство на нитрозамини како онечистувања во супстанции за фармацевтска употреба и готови фармацевтски производи (2020 – 2022). | 3 |
| **4.** | **Учесник во меѓународни научни проекти** | **5** |
| | 1. MON/CAS Project: Ethnopharmacological approach in phytochemical investigation of some *Salvia* species (2018-2019). | 5 |
| **5.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое нема импакт-фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет** | **9** |
| | 1. Arijeta Shabani, Marija Karapandzova, Ivana Cvetkovikj Karanfilova, **Gjoshe Stefkov**, Svetlana Kulevanova. GC-MS analysis of the essential oil, aroma components and *n*-hexane extract of St. John Wort (*Hypericum perforatum* L., Hypericaceae). Macedonian Pharmaceulical Bulletin, 64(1), (2018). | 3 |
| | 2. Arijeta Shabani, Marija Karapandzova, Ivana Cvetkovikj Karanfilova, **Gjoshe Stefkov**, Maja Simonovska Crcarevska, Svetlana Kulevanova. Distribution of total phenols, flavonoids and hypericin in different plant organs of wild-growing St. John's-wort (*Hypericum perforatum* L., Hypericaceae) from North Macedonia. Macedonian Pharmaceutical Bulletin, 65(2), (2019). | 3 |
| | 3. Serafimovska T, Darkovska-Serafimovska M, **Stefkov G**, Arsova-Sarafinovska Z, Balkanov T. Pharmacotherapeutic considerations for use of cannabinoids to relieve symptoms of nausea and vomiting induced by chemotherapy. Folia Medica 62(4):668-78. doi: 10.3897/folmed.62.e51478, (2020). | 3 |
| **6.** | **Трудови со оригинални научни резултати, објавени во научно списание кое има импакт-** | **31** |

| | | |
|---|---|---|
| | **фактор за годината во која е објавен трудот, во кое трудовите што се објавуваат подлежат на рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет** | |
| | 1. Ivana Cvetkovikj, **Gjoshe Stefkov**, Jelena Acevska, Marija Karapandzova, Aneta Dimitrovska, Svetlana Kulevanova. Headspace screening: A novel approach for fast quality assessment of the essential oil from culinary sage, Food Chemistry 202, 133-40 (2016). IF=5.488 | 8,09 |
| | **2.** Marija Karapandzova, **Gjoshe Stefkov**, Ivana Cvetkovikj Karanfilova, Tatjana Kadifkova Panovska, Jasmina Petreska Stanoeva, Marina Stefova, Svetlana Kulevanova. Chemical Characterization and Antioxidant Activity of Mountain Pine (*Pinus mugo* Turra, Pinaceae) from Republic of Macedonia, Records of Natural Products, 13 (1), 50-63 (2019). IF=1.311 | 5,59 |
| | 3. Geskovski N, **Stefkov G**, Gigopulu O, Stefov S, Huck CW, Makreski P. Mid-infrared spectroscopy as process analytical technology ol for estimation of THC and CBD content in Cannabis flowers and extracts. Spectrochimica Acta Part A: Molecular and Biomolecular Spectroscopy.2021; 251:119422. doi:10.1016/j.saa.2020.119422 IF=3.232 | 6,74 |
